Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Управа за извршување на санкциите

# УПАТСТВО
# ЗА УЧЕСТВО НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА ЗАТВОРСКАТА ПОЛИЦИЈА ВО ПРОЦЕСОТ НА РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА

Скопје, јуни 2020 година

Врз основа на член 29 став (2) од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/19 и 220/19), директорот на Управата за извршување на санкциите донесе

**УПАТСТВО**
**за учество на припадниците на затворската полиција во процесот на ресоцијализација**

**Член 1**

Со ова упатство се пропишува учеството на припадниците на затворската полиција во процесот на ресоцијализација на осудените лица.

**Член 2**

Учеството на припадниците на затворската полиција во остварување на третманот се реализира во повеќе облици на институционални активности и тоа во делот на:

- активно придонесување за континуирана динамичка безбедност во установата;
- одржување на личната и општата хигиена во установата;
- работа на осудените лица;
- морално – етичко воспитување и образование;
- слободна активност (спорт, рекреација, културно – уметничка работа) и
- осуденичко самоорганизирање.

**Запознавање со личноста и третманот на осуденото лице**

**Член 3**

За правилно спроведување на третманот припадникот на затворската полиција задолжен за дневните активности на осудените лица потребно е да се запознае со видот на кривичното дело, висината на казната како и со сите аспекти од минатото на осуденото лице.

**Член 4**

Припадникот на затворската полиција учествува активно на првата редовна конференциска средба непосредно по определената класификација при што се запознава со третманот одреден во приемното одделение.

**Учество на припадниците на затворската полиција во работното ангажирање како дел од третманот**

**Член 5**

При работното ангажирање на осудените лица како дел од третманот, припадниците на затворската полиција ја следат и евидентираат:

- општата дисциплина во работниот процес и безбедноста за време на работа;
- соработката со стручните и другите осудени лица од работната група;
- рационалноста и односот на осудените лица кон средствата за работа.

**Учество на припадниците на затворската полиција во морално – етичкото воспитување како облик на третман**

**Член 6**

Припадниците на затворската полиција со градење на правилни интерперсонални односи со осудените лица засновани на професионален однос и со личен пример како и со елиминација на какви било други мотиви во постапувањето придонесуваат за остварувањето на третманот и третманската програма.

Припадниците на затворската полиција во непосредната комуникација со осудените лица, настојуваат да ги мотивираат и насочат да се вклучат во образовниот процес.

**Учество на припадниците на затворската полиција во реализацијата на слободните активности**

**Член 7**

Припадниците на затворската полиција учествуваат кон реализација на плановите и програмите изработени од установата и овозможуваат услови за организирано пополнување на слободното време на осудените лица со културно – уметнички и спортски активности.

Тие непосредно ги потикнуваат осудените лица за учество во слободните активности и ја следат нивната реализација.

## Учество на припадниците на затворската полиција во осуденичкото самоорганизирање како облик на третман

**Член 8**

Во остварување на осуденичкото самоорганизирање, припадниците на затворската полиција го даваат својот придонес со контрола и поттикнување за решавање на прашања важни од заедничкото живеење на осудените лица.

Припадниците на затворската полиција ја организираат и контролираат личната и општата хигиена, градењето на хигиенските навики на осудените лица, дисциплината и меѓучовечките односи, одржување и чување на инвентарот и слично.

## Соработка и комуникација помеѓу затворската полиција и секторот за ресоцијализација

**Член 9**

Припадниците на затворската полиција се во постојан контакт со одговорното лице од секторот за ресоцијализација, непосредно соработуваат и ги реализираат дневните активности за кои водат забелешки.

**Член 10**

Припадниците на затворската полиција водат забелешки за:

- одржувањето на личната хигиена и учеството во општата хигиена;
- за личната дисциплина и поведението;
- за односот кон осудените и службените лица;
- комуникацијата и контактите со надворешниот свет и

- промени во однесувањето и расположението на осуденото лице.

**Член 11**

За секоја евидентирана забелешка, припадниците на затворската полиција го запознава одговорното лице од секторот за ресоцијализација.

Начинот на запознавање е непосреден преку директен контакт, писмено или по електронски пат.

Припадниците на затворската полиција најмалку еднаш месечно евидентираните забелешки ги внесуваат во стручното досие на осуденото лице.

**Член 12**

Припадниците на затворската полиција кои активно учествуваат во спроведување на третманот на осудените лица даваат свое мислење во доделувањето на погодностите и во постапката за дисциплинското казнување.

**Член 13**

Со денот на влегувањето во сила на ова упатство престанува да важи Упатството за учество на секторот за обезбедување во процесот на ресоцијализација број 07-1289/1 од 23.12.2011 година.

**Член 14**

Ова упатство влегува во сила со денот на неговото донесување.

ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ,
Јовица Стојановиќ

Број 01-1029/1
16.06.2020
Скопје